ССМ
СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ССМ
Бр. 0206 - 193/2
26.06 20 12 год.
СКОПЈЕ

Организација на работодавачи на Македонија-ОРМ
Бр. 0101 - 12
26.06 2012 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 65 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ( пречистен текст), Сл.в.на РМ бр. 84 /10, а во врска со член 47 од Законот за изменување и дополнување на ЗРО (Сл. в. на РМ бр.130/09, Законот за изменување и дополнување на ЗРО (Сл. в. на РМ бр.124/10, член 277 став 1 од Законот за работни односи (пречистен текст, Сл.в.на РМ бр 52/12), член 8 од Законот за минимална плата во Република Македонија (Сл.в.бр 11/12) и Одлуката на Уставниот суд на РМ од 17.04.2012 година, Сојузот на синдикатите на Македонија и Организацијата на работодавачи на Македонија, на 26.06.2012 година извршија

# У С О Г Л А С У В А Њ Е

## на Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството ( пречистен текст)

Член 1

Во член 13, во последниот ред, по зборот ,,договор,, се додаваат следните зборови ,, на ниво на гранка, односно оддел или "

Член 2

Во членот 16, став 1 се менува и гласи:

Основната плата се определува врз основа на барањата на работното место (стручна подготовка, стекнати вештини, сложеноста и одговорноста на работното место), а се утврдува така што коефициентот на сложеност на работното место на кое работникот работи според договорот за вработување се множи со пресметковната вредност за единица коефициент ( досегашна најниска плата).

Основната плата не може да биде пониска од минималната плата утврдена со закон,,

Член 3

Во членот 17, ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

Пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност, се утврдува со колективен договор на ниво на гранка односно оддел, односно на ниво на работодавач( досегашна најниска плата).

Пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност, ја утврдуваат и објавуваат потписниците на ниво на гранка односно оддел, најмалку еднаш годишно, односно по секое усогласување.

Во ставот 3, во првиот ред зборовите ,, најниска плата,, се заменуваат со зборовите ,, пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност,,

Во ставот 4, во првиот ред зборовите ,, најниската плата,, се заменуваат со зборовите ,, пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност,,

Ставот 5 се брише.

Член 4

Во членот 18, во ставовите 1 и 3 зборовите ,, најниската плата,, се заменуваат со зборовите ,, пресметковната вредност за единица коефициент за најнизок степен на сложеност,,

Член 5

Во членот 20 во ставот 1, по зборот ,, групи,, се додаваат зборовите ,, на степени на сложеност во рамките на претходниот член како и,,.

Член 6

Насловот ,, Информирање на работниците,, се менува и гласи:

,, ИНФОРМИРАЊЕ И КОНСУЛТИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ,,

Член 7

По членот 52 се додава нов член 52а, кој гласи:

Консултирање значи размена на мислења и воспоставување на дијалог меѓу преставниците на синдикатот, односно работниците и работодавачот секогаш кога е потребно во случаите утврдени со закон, а особено за економската состојба, за одлуките кои можат да доведат до суштински промени во организација на работата или во договорните обврски, во случај на пренесување на трговско друштво или делови на трговско друштво, како и кога работодавачот има намера да спроведе колективни отпуштања.

Член 8

Во членот 57 став 1, зборовите ,, освен во случај на предизвикување на поголема материјална штета кај работодавачот,, се бришат.

Член 9

Усогласувањето на Општиот колективен договор за приватниот сектор од обласга на стопанството (пречистен текст) стапува во сила со денот на потпишувањето на усогласувањето.

Усогласувањето на Општиот колективен договор за приватниот сектор од обласга на стопанството (пречистен текст) се објавува во "Службен весник на РМ".

Скопје, јуни 2012 година

ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,

Ангел Димитров

СОЈУЗ НА СИНДИКАТИТЕ
НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,

д-р Живко Митревски